# ПРИЛОЗИ
# ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
# И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Приредувач: Катица ЌУЛАВКОВА

Скопје
Македонска академија на науките и уметностите

2021

## СОДРЖИНА


### ПРЕДГОВОР

- Катица Ќулавкова: Македонија: историски континуитет во простор и време ........ I

### УВОД

- Љупчо Коцарев: За историјата на Македонија ........ а

### I КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

- Драги Митревски: Културната основа на Македонија: од раната бронзена доба до првите политички заедници ........ 37
- Војислав Саракински: Македонците меѓу барбарството и хеленството ........ 59
- Стефан Пановски: Македонските кралеви и Хелените ........ 77

### II ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА

- Александар Атанасовски: Бугарските завладувања на Македонија во IX и X век ........ 103
- Митко Панов: Политичко-идеолошките традиции на Самуиловата држава (Концептуализација на историската интерпретација) ........ 123
- Стојко Стојков: Многуимените Други: Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан ........ 147

- Ванчо Ѓорѓиев: Постулатите на македонското револуционерно движење 1893-1908 ........ 167
- Никола Минов: Балканските пропаганди во османлиска Македонија ........ 193
- Далибор Јовановски: Делејќи го „Своето“: Преговорите за поделба на Македонија меѓу балканските држави ........ 219
- Теон Цинго: Македонскиот национален идентитет во политиката на Велика Британија (1919-1941) ........ 243
- Тодор Чепреганов: Британските и американските воени мисии во Македонија за македонскиот идентитет во Втората светска војна (1941-1944) ........ 261
- Сашо Додевски: Ослободител, окупатор или администратор – позицијата на царството Бугарија во Македонија во Втората светска војна во периодот 1941-1944 ........ 275


## III КУЛТУРНА ИСТОРИЈА


- Ѓорги Поп-Атанасов: Македонскиот карактер на глаголицата ........ 301
- Витомир Митевски: Индоевропските обрасци и византиската традиција во македонските песни за Крале Марко ........ 317
- Ганка Цветанова: Културната и политичката фаза во развојот на македонската нација: Просветителство и Преродба ........ 327
- Билјана Ристовска Јосифовска: Македонскиот идентитет во националната историографија: неинституционални и институционални форми на проучување ........ 349
- Искра Тасевска Хаџи-Бошкова: Македонската култура во првата половина на XIX век ........ 369
- Ангелина Бановиќ Марковска: Мисирков и суштината на националната идеја: јазик, култура, историја ........ 385
- Велика Стојкова Серафимовска: Фолклорните маркери и македонскиот културен идентитет ........ 399

- Сашо Цветковски: Словенските светци во живописот на дебарско-мијачката и самоковската зографска школа (рефлексии и одраз на одделните традиции и културните идентитети) ........ 417
- Горан Калоѓера: Hommage на македонскиот XIX век: обид за синтеза... 449


## IV. ЦРКОВНА ИСТОРИЈА


- Ѓоко Ѓорѓевски и Виктор Недески: Општествено-политичките процеси и улогата на Охридската Архиепископија низ вековите ..... 465
- Дејан Борисов: Теодосиј Гологанов – скопски митрополит 1885-1892 ... 483
- Борче Илиевски: Македонското црковно прашање 1943 – 1967 (меѓу автономија и автокефалност) ........ 501
- Тони Филипоски: Атрибуциите и титулациите на светците на македонската православна црква - Охридска Архиепископија во средновековните извори: Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент, Св. Наум ........ 523


## ПРИЛОЗИ


- Биографски белешки на авторите ........ 550
- Список на илустрации: за текстовите на Д. Митревски, Ѓ. Поп-Атанасов, В. Стојкова Серафимовска и С. Цветкоски ............ 558

**Стефан ПАНОВСКИ**

# МАКЕДОНСКИТЕ КРАЛЕВИ И ХЕЛЕНИТЕ

Целта на овој труд е да истражи дали има доволно заеднички елементи во односот на кралевите на античка Македонија кон Хелените за да може да се зборува за некаков континуитет во надворешната политика. Со оглед на тоа што македонската надворешна политика била во рацете на владетелот, јасно е дека мора да се остави многу простор за личните амбиции и приоритетите на секој поединечен владетел, кои можеле значително да се разликуваат од оние на неговите претходници или наследници. Освен тоа, бурните и променливи односи на јужниот Балкан често барале политичко престројување и менување на надворешната политика; затоа, мора да се потцрта дека во овој контекст попрво станува збор за споделување на одредени начела, одошто за доследно спроведување идентична политика. Хронолошката рамка на овој проблем може да се подели на три дела: 1) политиката на Аргеадите до Филип II; 2) политиката на Филип II; 3) политиката на Антигонидите. Со оглед на специфичното и по многу нешта невообичаено владеење на Александар III, неговата политика и неговиот однос кон Хелените не се вклучени во овој преглед.[1]

Имајќи ја предвид партикуларистичката природа на хеленската политика, невозможно е да се зборува за една општа политика кон Хелада или кон сите Хелени, туку поскоро за односи со одделни полиси, којнони или политички единки. Ова е дотолку поважно, ако се отвори прашањето за изворите и нивното потекло; но, во оваа пригода нема место за таа проблематика. Единствено треба да се истакне дека, поради недостигот од извори, за случувањата во одредени периоди не знаеме речиси ништо. Особено е проблематичен периодот на пентеконтаетијата (од крајот на

[1] Добра почетна расправа за ова прашање е Bosworth 1988: 187–228, 250–8.

персиските походи во Европа до почетокот на Пелопонеската војна) и, подоцна, времето од смртта на Пир (272 г.)[2] до доаѓањето на Антигон Досон на власт (229 г.). Пример за празнините во нашето знаење е познатиот договор меѓу Пердика II и Атина,[3] во кој се споменуваат и неколку басилеи – најверојатно локални македонски владетели – за кои не знаеме апсолутно ништо. Затоа повеќето реконструкции се темелат врз претпоставки и можни контексти – што, секако, не е задоволителен, но – барем според изворите што сега ни се на располагање – е единствениот можен пристап.

1. Првиот македонски владетел за кого знаеме нешто повеќе е Александар I (околу 498 – 454), подоцна наречен Филхелен. Од денешна гледна точка прекарот звучи безмалку иронично. За неговата политика кон Хелените не можеме да кажеме речиси ништо со сигурност; на пример, знаеме дека бил атински проксен и евергет,[4] но може само да се спекулира кога и за каква услуга ги добил овие титули.[5] Што се однесува до учеството во походите на Ксеркс и Мардониј, посведочените „епизоди" се крајно проблематични и попрво треба да се сфатат како македонска или атинска пропаганда;[6] но, тоа не прави некаква разлика, зашто – со исклучок на неговиот невешт испад во Атина – Александар I не дејствувал независно, па неговите постапки не можат да бидат показ за неговата политика. Независно од тоа што ни го кажуваат подоцнежните пропаганди и преувеличувања, се чини дека по персиското повлекување Александар I го свртел вниманието кон истокот и се пробил до Стримонскиот Басен, каде што воспоставил привремена контрола над важниот премин „Девет патишта". Токму вкрстувањето на македонските и атинските интереси во Стримонскиот Басен – особено по прогонството на Темистокле – предизвикало затегнување на односите меѓу Александар I и Атина; но, работите не дошле до отворен судир.[7] Подоцна, во 40-тите години на V век, Атина конечно се утврдила во Стримонскиот Басен; процесот кулминирал со основањето на Амфипол во 437/6 г.,[8] успех што несомнено бил олеснет од

[2] Сите датуми се однесуваат на старата ера.

[3] IG I³ 89. Натписот би требало да се датира или на самиот крај на пентеконтаетијата или во првата деценија од Пелопонеската војна. Како и да е, тоа не ја менува поентата колку малку знаеме што се случувало во Македонија во овој период.

[4] Hdt., 8.136, 140–143.

[5] Куса дискусија кај Саракински 2013: 121–2, 229–34, иако не ја отфрлам во целост можноста, сепак, да станува збор за наследна проксенија, слично како што подоцна проксенијата и евергесијата на Архелај изгледа се однесува и на неговите деца (ML no. 91 ll.35–37). Но, ова во суштина не менува ништо, зашто пак не би знаеле зошто и кога Аминта I се стекнал со титулите.

[6] Sarakinski & Panovski 2019.

[7] Borza 1990: 115–23.

[8] Thuc., 4.102.3; Diod., 12.32.3.

внатрешните непогоди на Пердика II, најмногу со неговиот брат Филип од Амфакситида.[9]

Од сите македонски владетели пред Филип II, и нивната политика кон Хелените, веројатно најдобро го познаваме токму Пердика II (454 – 413), но треба да имаме предвид дека она што го знаеме се однесува само на последната третина од неговото владеење, така што, кога Пердика ќе ни се појави во изворите, сцената е веќе поставена. Благодарение на Тукидид, добро сме известени за бурниот однос на Пердика II со Хелените – во прв ред со Атина – во текот на Пелопонеската војна, па нема потреба подробно да ги опишуваме собитијата.[10] Она што може да се забележи е дека неговата политика е, пред сѐ, одбранбена, и во одредена мера реактивна. За неговата улога во избувнувањето на Пелопонеската војна веќе е кажано многу, па дури и премногу; јасно е дека односите со Халкидика и Потидаја биле во голема мера условени не само од силното атинско присуство на трако-македонското крајбрежје туку и од притисокот кон самата Македонија, особено по склучувањето на сојузот со Филип од Амфакситида и Дерда од Елимеја.[11] Исклучок од ваквиот пристап е повикот до Спарта да интервенира на трако-македонско крајбрежје:[12] иако оваа епизода, главно, се става во контекст на Пелопонеската војна, текот на настаните навестува дека целите на Пердика биле различни. Нема сомнеж дека важна улога во одлуката на Пердика имало слабеењето на атинската контрола на трако-македонското крајбрежје, но главната цел, сепак, бил линкестидскиот басилеј Арабај,[13] и можеби обновување на македонското присуство во Стримонскиот Басен.[14] Но, целите на Брасида биле сосема различни, па не е чудно што сојузот не траел долго, а Пердика повторно се свртел кон Атина.[15] Не знаеме што го навело Пердика уште еднаш да ја смени страната и да му се приклучи на Спартанско-аргивскиот сојуз, но набргу повторно ја сменил страната и во делото на Тукидид е споменат за последен пат како атински сојузник (7.9). Со оглед на бурната и променлива состојба, јасно е зошто и неговата политика оддавала впечаток дека е непостојана.[16] Велам „оддавала впечаток", зашто може да се

[9] За Филип од Амфакситида v. Badian 1993: 171–185; Саракински 2016.
[10] Zahrnt 2006: 590–7; Borza 1990: 139–60.
[11] Thuc., 1.57.3. Кога бил склучен овој сојуз, не може со сигурност да се каже. Според Kagan 1969: 277 n.14, сојузот можеби бил склучен веќе во 435 г. ст. е., но ова е само претпоставка. Тоа што се чини сигурно, барем од приказот на Тукидид, е дека најдоцна до 432 г. ст. е. Филип бил истиснат од Амфакситида.
[12] Thuc., 4.79–81.
[13] Thuc., 4.83, 4.124–128.
[14] *cf.* Thuc., 4.107.3.
[15] Thuc., 4.132.
[16] Полезна табела со преглед на променливите односи меѓу Пердика и Атина кај Borza 1990: 158.

сфати на тој начин само од гледна точка на Атина или Спарта; од аспект на македонското кралство, таа е сосема доследна – опстанок и зачувување на територијалниот интегритет на државата по секоја цена. Со оглед на околностите и внатрешната слабост на кралството, крајниот успех не смее да се потцени. За ова сведочи и самиот Тукидид, кој, наспроти сите критики упатени кон македонскиот владетел, изгледа дека имал и одредена доза на восхит кон него.[17]

Со владеењето на Архелај (413–404 г.) барем привремено минуваме низ помирни води, пред сè поради атинската катастрофа на Сицилија, но и затоа што воените дејства се поместиле на исток, кон теснеците и малоазиското крајбрежје. За овој период сме известени релативно добро, па фактот што Архелај ретко се споменува покажува дека односите со Атина биле коректни. Знаеме дека им дозволил на атинските демократи, собрани на Самос, да купуваат дрва, за што подоцна бил прогласен и за проксен и евергет.[18] Но, во ова не треба да се бара некаква подлабока политичка мотивација – станувало збор за вообичаена, па дури веќе и традиционална трговска трансакција меѓу македонските кралеви и Атињаните.[19] Значаен успех е освојувањето на градот Пидна – и тоа со атинска помош – кој потоа бил преоснован неколку километри во внатрешноста.[20] Династичките борби по смртта на Архелај ја фрлиле државата во хаос, па во следните неколку години, кои и онака се слабо документирани, не може да се зборува за некаква доследна политика кон Хелените. Единствен посведочен настан од овој период е неуспешниот обид на Аероп II (396 – 393) да го блокира минувањето на спартанскиот басилеј Агесилај.[21] Не знаеме дали Аероп бил дел од антиспартанската коалиција во Хелада; поверојатно е дека станувало збор за локално политичко усогласување со Тесалците, во прв ред со Лариса.[22]

Како резултат на династичките борби, постигнувањата на Архелај во голема мера испариле. Кога Аминта III (с. 392–370 г.) најпосле се зацврстил на престолот, државата била во мошне ранлива положба, веројатно уште полоша од онаа во времето на Пердика II. Наместо релативно далечната Атина, сега главните опасности доаѓале од соседните Илири и од Халкидичкиот којнон.

[17] Zahrnt 2006: 597.

[18] Andoc., 2.11; ML no. 91.

[19] Фактот што Андокид добил невообичаено поволни услови за извоз попрво се должело на неговата xenia со домот на Аргеадите, одошто на политичката наклонетост на Архелај. cf. Bissa 2009: 113.

[20] Diod., 13.42.1–2. За возврат, Архелај можеби учествувал во задушувањето на олигархискиот бунт на Тасос, но ова е веќе спекулација што не може да се поткрепи со непосредни докази. v. Bissa 2009: 129–132.

[21] Polyaen., 2.1.17, 4.4.3.

[22] c*f*. Xen., Hell., 4.3.3-9; Xen., *Ages*., 2.2–5.

Редоследот на настаните е мошне нејасен, па не можеме да изградиме задоволителна слика за политиката на Аминта во првата деценија од неговото владеење.[23] Во одреден момент тој склучил одбранбен сојуз со Халкидичкиот којнон,[24] но не можеме да ја утврдиме ниту точната хронологија ниту, пак, врската меѓу договорот и илирската инвазија. Единствено е јасно дека до крајот на осумдесеттите години на IV век ст. е. Аминта III и Халкидичкиот сојуз биле во војна, која македонскиот владетел ја губел. Во такви услови Аминта се свртел кон Спарта, во тоа време најмоќната сила во Хелада.[25] Спарта – секако, од сопствени причини –одговорила позитивно на повикот, со што започнала Олинтската војна; таа траела неочекувано долго, но најпосле завршила со растурање на Халкидичкиот којнон и враќање на загубените територии на Аминта.[26] Како и Пердика II пред него, и Аминта ја искористил борбата меѓу хеленските држави и успеал да го спаси кралството. И покрај помошта од Спарта, во подоцнежниот период од владеењето Аминта се свртел кон Атина, со која најпрвин склучил сојуз,[27] а потоа и го поддржал нејзиното право на градот Амфипол.[28]

Меѓу 374 и 371 г. Аминта III склучил сојуз и со моќниот Јасон од Фера,[29] со што ги жртвувал интересите на Алевадите од Лариса, иако овие претходно му помогнале да се врати на престолот по илирската инвазија. Тешко е да се проценат мотивите на Аминта. Не знаеме дали кралството навистина се нашло во таква криза, поради што Аминта бил подготвен да ги жртвува традиционалните интереси во Тесалија и на Стримон[30] или, пак, станувало збор за прагматична политика од која имал придобивки што не се споменати во изворите. Со оглед на поагресивната политика на неговите наследници Александар II и Пердика III, второво изгледа поверојатно.[31] Имено, тие се свртеле и кон југ и кон исток, а Пердика III дури успеал да внесе и македонски гарнизон во Амфипол. Но, како што покажува крајниот резултат – две тебански интер-

---

[23] Генерално, ја прифаќам и следам реконструкцијата на Parker 2003: 113–137. Без да навлегувам во детали, таа се сведува на следново: Аминта III двапати бил на работ да го загуби кралството, првиот пат поради илирската навала, при што се повлекол во Тесалија, а вториот во текот на војната со Олинт, кога побарал помош од Спарта. Повикот до Спарта бил, пред сѐ, од Аминта, додека, пак, хеленските градови, споменати единствено од Ксенофонт, имале споредна улога. Единствено не сум убеден дека во целото безредие има место за владеењето на Аргај, а секако, не цели две години.

[24] Rhodes & Osborne, 2003: no.12.

[25] Diod., 15.19.3; Isoc., *Pan.*, 125–126; Xen., *Hell.*, 5.2.11–20.

[26] Xen., *Hell.*, 5.3.26.

[27] *IG* II$^{2}$ 102.

[28] Aeschin., 2.32–33.

[29] Diod., 15.57.2, 60.1–2.

[30] Како што, на пример, мисли Hammond 1979: 179.

[31] Позитивна оцена за владеењето на Аминта III и неговите достигнувања кај Zahrnt 2006a.

венции, атинско освојување на Пидна, Метона и Потидаја, и потоа тежок пораз од Илирите – нивните амбиции ги надминувале средствата со коишто располагале.

Очигледно е дека кралството премногу често се соочувало со внатрешни проблеми и нестабилност, а по повремените успеси често следувале периоди на криза. Во такви услови, не е чудно што дипломатијата и трговијата, а не оружјето, биле главните средства на македонските владетели, и што во тоа владетелите се покажале мошне умешни и често влечеле корист од борбите меѓу самите Хелени. Но, ова не смее да го затскрие фактот дека, во основа, нивната политика била реактивна; не станувало збор за некаков облик на divide et impera, туку за искористување на партикуларистичката политика на хеленските држави. Да се бара една од причините за почетокот на Пелопонеската војна во политиката на Пердика II, значи да се игнорира ривалството и повремените судири меѓу Атина и, пред сѐ, Коринт во претходните децении. Спарта, пак, не одговорила на повикот на Аминта III од некакви алтруистички побуди, туку зашто сакала да ја зачува својата хегемонија (ако воопшто може да се искористи овој поим) во Хелада и поради стравот од евентуалното засилување на Халкидичкиот сојуз.[32] Токму затоа политиката на кралевите кон Хелените на прв поглед изгледа толку конфузно и недоследно: поради безбедноста на кралството, тие морале постојано да се приспособуваат на развојот на ситуацијата во Хелада, ситуација што била во постојано превирање.

Но, ова не значи дека не постојат елементи на офанзивна политика. Како што видовме, и Александар I, и Пердика II, и Пердика III покажувале интерес за Стримонскиот Басен; Пердика II во случајот со Метона,[33] и Архелај со Пидна, покажуваат интерес за чистење на македонското крајбрежје од атинското присуство, а третиот и мошне важен пример за динамична надворешна политика е Тесалија. Една од особеностите на политиката кон Тесалија е соработката со Алевадите од Лариса.[34] Не можеме да утврдиме од кога датираат овие пријателски односи, но индикативно е што уште за време на Аминта I, и потоа на Александар I, Аргеадите и Алевадите имале слична политика по некои прашања;[35] веројатно нема многу да згрешиме, ако претпоставиме дека до нивното владеење постоеле пријателски односи со дел од тесалските

[32] Како што заклучува Hornblower 2011: 238, Олинтската војна била само последна во низата спартански авантури на северот.

[33] *ML* no.65.

[34] Полезен преглед за односите меѓу македонските владетели и Тесалија дава Graninger 2010: 306–25.

[35] Така, во исто време кога Аминта I му го понудил Антемунт на Хипија, Тесалците му го понудиле Јолкос (Hdt., 5.94.1). Подоцна, во текот на походот на Ксеркс, Алевадите биле познати по својот медизам (Hdt., 7.172.1). cf. Sarakinski 2011: 73–7.

првенци.[36] Македонското влијание во Тесалија за првпат непосредно го забележуваме во времето на Пердика II, кој преку Никонда од Лариса му помогнал на Брасида да мине низ Тесалија, иако Тесалците генерално биле наклонети кон Атина. Подоцна, пак, кога односите меѓу Пердика и Брасида биле нарушени, тој преку пријателите во Тесалија го спречил преминот на спартанските засилувања.[37]

Почетокот на агресивна политика кон Тесалија можеме да го датираме во времето на Архелај. Кон крајот на своето владеење, најверојатно на повик на Алевадите, тој навлегол во Тесалија, оставил гарнизон во Лариса како поддршка на олигарсите и зел заложници, а во замена можеби ја добил контролата над Перајбија. Походот на Архелај очигледно бил доволно сериозен за да предизвика спартанска реакција, но работите не дошле до судир, зашто во меѓувреме македонскиот владетел бил убиен. Улогите се смениле кон крајот на деведесеттите години на IV век ст. е., кога Аминта III, потиснат од Илирите, се засолнил кај Алевадите, а подоцна со нивна помош успеал и да се врати во Македонија.[38] Погоре видовме дека кон крајот на седумдесеттите години Аминта III склучил сојуз со Јасон од Фера и веројатно добил дел од Перајбија; со оглед на нерамномерноста на силите, ова може да се сфати како мошне поволен договор, макар што бил постигнат на сметка на Алевадите.[39]

Во секој случај, и Аминта III и Јасон наскоро умреле, па и Македонија и Тесалија западнале во уште еден период на криза и внатрешна нестабилност. Во такви услови, Алевадите уште еднаш побарале помош, овој пат од Александар II, кој веднаш интервенирал и поставил македонски гарнизони во Лариса и Кранон.[40] Успехот бил краткотраен, зашто набргу се вмешал славниот тебански војсководец Пелопида, кој ги средил работите во Тесалија и го потиснал Александар II; потоа дури и навлегол во Македонија, каде што посредувал во спорот меѓу младиот крал и Птолемај од Алорос и

[36] Меѓутоа, прашање е дали во овој период веќе може да се зборува за смислена и доследна политика или, пак, едноставно станувало збор за пријателство со блиските аристократи од северна Тесалија.
[37] Thuc., 4.78.1–2, 132.1–2.
[38] Diod. 14.92.3.
[39] Состојбата во Тесалија во првата половина на IV век не може лесно да се реконструира и зависи од комбинација на расфрлени и често неповрзани извори. Заради полесно следење на текстот, се ограничувам на неколку поважни современи дела каде што може да се најде детална анализа на изворите и собитијата: за интервенцијата на Архелај Westlake 1935: 51–59; Sordi 1958: 146–51; Hammond 1979: 140–1; за повлекувањето на Аминта во Тесалија в. бел. 23; за македонските поседи во Перајбија и договорот меѓу Јасон и Аминта Sordi 1958: 179–81 (иако Сорди непотребно претпоставува дека Македонија практично се нашла во вазална положба во однос на Јасон); Piccirilli 1973: 166–8; Helly 1979; Sprawski 1999: 98–9 (non vidi).
[40] Diod., 15.61.3–5.

зел заложници, меѓу кои и Филип.[41] Веќе во 367 г. Пелопида повторно интервенирал во Македонија – овојпат поради убиството на Александар II од страна на Птолемај од Алорос – и изнудил нови заложници, меѓу кои и синот на Птолемај.[42] Така, агресивната политика на Александар II во Тесалија, всушност, ја довела Македонија во подредена положба во однос на Теба. Сепак, дури и овој неуспех го покажува интересот на Аргеадите за Тесалија, доволно силен тие двапати да ризикуваат судир со најмоќните сили во Хелада.

**2.** Според сѐ што беше кажано досега, можеме да одбележиме три главни правци каде што Аргеадите покажувале подинамична и амбициозна политика: македонското крајбрежје (и генерално Термајскиот Залив), Стримонскиот Басен и Тесалија. Ова е важно, зашто токму во тие правци и политиката на Филип II е најдоследна. Ова не е место за детална анализа на потфатите и постигнувањата на големиот македонски владетел; за тоа во последниве педесетина години е пишувано мошне опширно и нема потреба да се повторува.[43] Наместо тоа, накусо ќе се задржам на овие „традиционални“ правци на дејствување. Откако ги надминал предизвиците во првите денови од владеењето и по победата над Бардилис, Филип II бил подготвен да ја преземе иницијативата и на исток и на југ. Веќе во летото 357 г. успеал да го освои Амфипол и конечно да го стави Стримонскиот Басен под своја контрола, а следната година и Кренида, потоа преоснована како Филипи, со што ги добил Пангајските и другите рудници во околината. Во исто време го ставал под своја контрола и македонското крајбрежје: во 356 г. ја освоил Пидна; истата година ја освоил и Потидаја, која ја му предал на Халкидичкиот којнон;[44] а, до 354 г., по тешката опсада во која го загубил окото, и Метона.[45] Атинското присуство на македонскиот брег било елиминирано, а единствен можен проблем останал Халкидичкиот којнон. Иако двете сили биле сојузници од 356 г., изгледа дека уште околу 353/2 г. односите почнале да се влошуваат, можеби како последица на поразот од Ономарх. Во 349 г. Филип го нападнал Халкидичкиот којнон, а во вториот поход следната година го освоил Олинт, по што градот го срамнил со земја, а жителите ги продал во ропство.[46] Така, за едвај една деценија Филип ги исполнил амбициите на неговите претходници.

[41] Diod., 15.67.3–4; Plut., *Pelop.*, 26.
[42] Plut., *Pelop.*, 27.2–3.
[43] Griffith 1979; Ellis 1976; Wirth 1985; Worthington 2008.
[44] Сите овие успеси на Филип кај Диодор се збиени во само една глава (16.8).
[45] Dem., 18.67; Just., 7.6.13–16; Diod., 16.34.5. Повредите со кои се здобил Филип во текот на бројните битки се наведени кај Dydim., *Peri Demosth.*, 12.37. –13.12.
[46] Diod., 16.53.2–3.

До тука политиката на Филип, и според целите и според методите, може да се толкува како традиционална. Работите стојат различно во однос на Тесалија, барем во однос на методите. За значењето што Филип ѝ го придавал на Тесалија говорат не само бројните походи туку и фактот што, од седумте жени со коишто се оженил, две биле од Тесалија.[47] Можно е да интервенирал уште во 358 или 357 г., но подлабокото вмешување започнува во 353 г., кога одговорил на повикот за помош од Алевадите, кои биле во војна со Фера. Бидејќи Фера била сојузник на Фокида, судирот во Тесалија фактички бил дел од III света војна. Иако во 353 г. доживеал тежок пораз од фокидскиот војсководец Ономарх, следната година Филип извојувал решавачка победа, по што бил прогласен за архонт на Тесалија и ја презел контролата врз клучното пристаниште Пагаса. По кусиот поход против Фера во 349 г., Филип повторно се појавил на југ во 346 г., кога ја завршил III света војна.[48]

Новината во пристапот кон Тесалија е тоа што, иако биле поставени неколку македонски гарнизони, таа немала статус на покорена област, затоа што за такво нешто немало потреба. Како доживотен архонт, Филип имал право да ја мобилизира тесалската војска и да управува со сојузните финансии, и тоа му било доволно; положбата на архонт, поткрепена со моќта на македонската војска и неговата дипломатска вештина, биле доволни за да се одржи контрола. Во однос на претходниците, новина е и дефинитивниот раскин со Алевадите, иако и првите интервенции и изборот за архонт се должеле на нивната поддршка: сега среќаваме луѓе од разни градови, а изгледа дека Филип му бил особено наклонет на Фарсал.[49] Разбирливо, ваквата политика наидувала на отпор кај дел од Тесалците,[50] па во периодот 344–342 г. Филип се посветил на реорганизација и зацврстување на контролата врз Тесалија. Меѓу другото, повторно била воведена поделбата на тетради, на чело со тетрарх, кој бил назначуван директно од Филип, а изгледа дека биле поставени и неколку гарнизони. Така, користејќи ги традиционалните тесалски институции, Филип го прикрил потчинувањето на Тесалија. Нема сомнеж дека дел од Тесалците останале настроени непријателски кон контролата и мешањето на Филип, но неговата управа не била особено угнетувачка, а неговите барања за тесалска војска биле умерени.

---

[47] Athen., 3.557b–e. Филина од Лариса, која подоцна го родила Аридај, и Никесиполида од Фера, која ја родила Тесалоника. *cf*. Tronson 1984; Carney 2017.

[48] За политиката на Филип во Тесалија v. Sordi 1958: 230–301; Griffith 1979, *passim*; Errington 1990: 59–70; Graninger 2010: 313–7. За III Света војна Buckler 1989.

[49] Errington 1990, 66.

[50] Dem., 1.22. Но, се разбира, секогаш треба да се води сметка за преувеличувањата на Демостен. Неколку години подоцна Исократ (5.20) дава подеднакво нереална и идеализирана слика за односите меѓу Филип и Тесалците.

Можно е дека, по смртта на Филип, Александар III наишол на краткотраен отпор;[51] но, во главни црти, Тесалија мирно преминала под негова контрола, тој бил избран за архонт, а Тесалците имале истакната улога во текот на источниот поход, особено во периодот до 330 г. Точно е дека токму Тесалците ќе дадат жесток отпор во текот на Ламиската војна, но, откако таа епизода ќе заврши, Тесалија цврсто ќе остане под македонска контрола сѐ до II македонска војна. Во тој контекст, токму освојувањата на Филип во „традиционалните" правци ќе се покажат како трајни и најуспешни потфати.

Во 346 г. завршува III света војна, но е постигнат и Мирот на Филократ, со што Атина најпосле, барем формално, се помирила со загубата на Амфипол од пред еден век. Во одредена смисла, оваа година може да се земе како крај на една етапа во надворешната политика на Филип, кој во целост ги исполнил и ги надминал традиционалните македонски амбиции на исток и на југ. Но, што понатаму, и што со јужните Хелени, особено со Теба и со Атина? Зависи кого ќе прашаме. Ако ги следиме античките извори, главно атински или под влијание на атинската традиција, се добива впечаток дека Филип бил преокупиран со јужна Хелада и, особено – со Атина. Од друга страна, повеќето современи историчари токму во ова време го лоцираат зачетокот на грандиозниот план за поход против Персија, па односите со јужните Хелени ги толкуваат од оваа гледна точка.[52] А, всушност, вистината е дека не знаеме ништо за понатамошните планови на Филип за Хелада – ако воопшто ги имал. Многу е лесно, па дури и примамливо, да се толкуваат битката кај Хајронеја и Коринтскиот договор како кулминација на една вешта и трпелива политика на покорување на Хелада и, можеби, како отскочна штица за походот во Азија. Но, ако им пристапиме на изворите ослободени од идејата за грандиозниот план и за опседнатоста со Хелените, гледаме дека вниманието на Филип било свртено, во прв ред, кон Тракија, што ќе кулминира со тригодишен поход во внатрешноста и конечна победа над тракиските владетели (342–340 г.)[53] и, во одредена мера, кон Тесалија. Во таа смисла, битката кај Хајронеја може да се протолкува како неуспех на политиката на Филип, кој во текот на неколку години се обидувал да ги разбие сомнежите на Атина и да го зачува мирот на Филократ; ако посакувал решавачка пресметка, можел да ја предизвика уште во 346 г., и тоа веројатно под поповолни услови одошто во 338 г. Ова не значи дека Филип воопшто не се

[51] Polyaen., 4.3.23.
[52] Детален преглед со критика на ова толкување, каде што е наведена и поважната литература, кај Sarakinski & Panovski 2012. Важен труд што не беше споменат во расправата е Errington 1981/2: 77–83.
[53] Griffith 1979: 554–566; Delev 2015: 50–51.

интересирал за јужна Хелада,[54] туку, едноставно – дека таа не била негова главна преокупација во последната деценија од владеењето. Во крајна линија, конечниот раскин со Атина доаѓа поради настаните на Херсонес и теснеците (особено опсадите на Бизантиј и Перинт), а веројатно и раѓањето на планот за напад на Персија би требало да се бара во истиот период.[55]

Токму односот кон Теба, Атина, па дури и кон Спарта, по битката кај Хајронеја и Коринтскиот договор, веројатно е најдобар показател за ограничените амбиции на Филип во јужна Хелада и отсуството на желба за територијално ширење во тој правец. Како и во Тесалија, и во случајот на Коринтскиот договор Филип искористил веќе постојни примери[56] за да ја наметне својата власт. Коринтскиот договор[57] несомнено бил инструмент за формализирање на македонската хегемонија во Хелада, што било прифатено од сите Хелени, со исклучок на Спарта. Но, истовремено, јасно е дека Хелените минале многу подобро одошто би можело да се очекува (и одошто некои од нив стравувале), особено по еден пресуден пораз, каков што бил Хајронеја. Филип очигледно сакал да се осигура дека од југот нема да дојдат нови предизвици и проблеми, но немал желба за непосредно покорување; впрочем, уште во преговорите со Атина по мирот на Филократ, се согласил да се создаде заеднички мир.[58] Коринтскиот договор несомнено бил насочен против Персија, но ова е веројатно резултат на искуствата на Филип при опсадите на Бизантиј и Перинт. Сè додека персискиот дареик слободно циркулирал низ Хелада и сеел незадоволство и потенцијални бунтови против Македонија, хегемонијата на Филип не можела да се смета за цврсто осигурена. Во таа смисла, иако извонредно вешто ги решил проблемите во Хелада и ја ставил под македонска контрола, проблемот му бил наметнат од тврдоглавоста на Атина и од вмешувањето на Персија.[59]

---

[54] И гарнизоните во Фокида и контролата на Термопилите се сведоштво за таквите интереси. Впрочем, Филип индиректно интервенирал или се обидувал да го прошири своето влијание и на Евбоја и на Пелопонес.
[55] *cf.* Buckler & Beck 2008: 253, 259–76.
[56] Почнувајќи од Мирот на Анталкида и серијата кралски мировни договори во текот на IV век. Всушност, во текот на овој период општите мирови почнале да преземаат елементи од воените сојузи и, обратно, поголемите воени сојузи преземале елементи од договорите за општ мир. Како што правилно заклучува Перлман, умешноста на Филип како дипломат не била во создавањето нови и неприфатливи меѓудржавни институции, туку во адаптирањето и искористувањето на оние што биле вообичаени (Perlman 1985: 173–4).
[57] Rhodes & Osborne 2003: no.76. Jehne 1994; Buckler & Beck 2008: 245–53.
[58] [Dem.], 7.30–32.
[59] Целиот процес убаво е сублимиран од Buckler & Beck 2008: 275–6: “There is nothing in all of this to suggest a master plan, but there is ample evidence that by pursuing his war with Athens, Philip realized the feasibility of seizing the mastery of Greece. He took advantage of unexpected opportunities and created many of his own. His settlement with the Greek states was mild, and most Greeks did not yet realize that things would thenceforth be different.”

**3.** Како што знаеме, намислите на Филип нема да го надживеат долго време. Вистина е дека, со исклучок на судирот со спартанскиот басилеј Агид III,[60] Антипатар, кој бил оставен како „стратег на Европа“, немал поголеми проблеми во Хелада сѐ до смртта на Александар III; но, ова попрво се должело на примерот на Теба, која била срамнета со земја во 335 г.,[61] и подоцна на огромната моќ на Александар, одошто на некаква верност на Хелените и на функционалност на Коринтскиот договор. Ова доаѓа до полн израз по смртта на Александар, кога дел од Хелените под предводништво на Атина ќе се обидат да се ослободи од македонската хегемонија во Ламиската војна. Војната започнала лошо за Антипатар; најтежок удар бил преминот на Тесалија на страната на сојузниците, но со вешто маневрирање и прилична доза на среќа, тој воспоставил контрола врз случувањата и на крајот излегол како победник.[62] Важно е дека по победата Антипатар одбил да свика општ собир и преговарал со секој град поединечно: некаде поддржувал промакедонски режими, некаде поставувал гарнизони и, како што ќе видиме, ова бил пристапот што ќе го претпочита и неговиот внук Антигон Гоната.

Следните педесетина години минале во меѓусебни борби меѓу најистакнатите соработници на Александар III и, при таква состојба на нештата, невозможно е да се зборува за политика кон Хелените. Тоа не значи дека ја немало: напротив, секој од дијадосите имал своја политика и однос кон Хелените, и во Хелада и во Азија, но таа била конципирана соодветно на односите со другите дијадоси. Затоа, некои од дијадосите можеле да поддржуваат олигархиски елементи, некои, пак, демократски, некои прогласувале амнестија и слобода за Хелените, а некои освојувале градови во Хелада. Антигон Еднооокиот, кој важел (или барем се претставувал) за ослободител на Хелените, заедно со својот син Деметриј Полиоркет, во 302 г. се обидел да организира нов панхеленски сојуз,[63] овој пат за борба против Касандар, но поради катастрофата кај Ипсос во 301 г., тој никогаш вистински не заживеал.

Состојбата ќе се стабилизира кон крајот на седумдесеттите години на III век, кога Антигон Гоната (283–239 г.)[64] конечно ќе се зацврсти на македонскиот престол. Политичката состојба во тоа време коренито се разликувала од онаа во времето на Филип II, па дури и на Антипатар: истокот бил поделен меѓу големите држави на Лагидите, на Селевкидите и бројни помали држави, во

[60] Badian 1994; Bosworth 1988: 198–204.

[61] Hammond 1988: 56–66; Bosworth 1988: 32–3, 194–7.

[62] Hammond 1988: 107–17; Bosworth 2003: 14–22; Walsh 2015.

[63] *IG* IV$^2$ 1.68. Wehrli 1968: 122–6; Billows 1997: 228–30.

[64] Антигон Гоната конечно завладеал со Македонија во 277/6 г., но како син на Деметриј Полиоркет ги броел годините на владеење од смртта на својот татко во 283 г. Chambers 1954.

Хелада, освен традиционалните, сега се јавувале нови и опасни противници, додека, пак, Македонија била истоштена, особено по келтската навала и борбите меѓу Гоната и Пир. Со оглед на случувањата од последните педесетина години, на Гоната несомнено му било јасно дека не може да се врати на системот што своевремено го осмислил Филип II: Коринтскиот договор долгорочно се покажал неефикасен, а кралството со кое управувал било исцрпено и неспоредливо послабо од она на Филип. Затоа, Гоната бил принуден да го видоизмени системот на Филип II.

Веќе споменавме дека Тесалија останала под македонска контрола, која станала уште поцврста откако Деметриј Полиоркет ја основал Деметријада. Иако со мешано население, Деметријада практично била македонски град, со македонски институции, на тесалска почва, и со време станала еден од „оковите на Хелада“. За значењето што Антигонидите ѝ го придавале на Тесалија најдобро сведочат познатите писма на Филип V до Лариса со инструкции за обновување на граѓанското тело.[65] Полибиј (4.76.2) добро забележал дека Тесалците, иако технички слободни, практично биле македонски поданици; сепак, индикативно е што во текот на целото владеење на Антигонидите, Тесалија била мирна, а проблемите што се јавувале главно биле поттикнати од надворешни фактори (во прв ред Ајтолците). Така, Тесалија ќе остане дел од државата на Антигонидите и клучен дел од одбранбениот систем сè до поразот во II македонска војна.[66]

Најважните промени во однос на политиката на Филип е македонското повлекување од средна Хелада, каде што Ајтолскиот којнон бил во постојана експанзија. Кога Ајтолците конечно се пробиле до Малискиот Залив и ги ставиле Термопилите под своја контрола,[67] Антигонидите останале без копнен пристап кон јужна Хелада. Поради тоа, и Гоната и неговите наследници ја зацврстиле македонската контрола на Евбоја – особено на Халкида, вториот од „оковите“ – која сега имала клучно значење за пристапот на југ.[68] Иако политиката на Гоната во дадениот момент веројатно била правилна,[69] цената на неговата толеранција кон Ајтолија ќе ја платат наследниците.

Ако контролата на Тесалија и Евбоја имала суштинско значење, работите стојат нешто поразлично на југот. Тука Гоната се определил за пофлексибилен пристап – комбинација од поставување гарнизони, главно во Атина, Атика[70] и,

---

[65] *Syll*³ 543, со анализата на Habicht 2006.
[66] Кус преглед за Тесалија во времето на Антигонидите кај Graninger 2010: 318–23.
[67] Scholten 2000: 59–95.
[68] За Евбоја во време на Антигонидите Picard 1979: 267–82.
[69] *cf*. Scholten 2000: 75–6.
[70] *cf*. Tracy 2003.

секако, во Коринт, и поддржување на промакедонски режими, особено на Пелопонес, каде што изгледа немал територијални претензии.[71] Овој пристап ќе се покаже само делумно успешен, и во текот на целото владеење Гоната ќе се соочува со непогоди во јужна Хелада. Првиот и најголем предизвик дошол во 268/7 г., кога против него била формирана моќна коалиција составена од Атина, Спарта и нејзините сојузници, и Птолемај II,[72] со што започнала Хремонидовата војна.[73] Иако на крајот Гоната излегол како победник, се чини дека неговиот пристап не се променил драстично. Атина привремено била ставена под непосредна македонска управа, но и тоа потрајало само неколку години, до с. 255 г.[74] Од друга страна, Спарта била препуштена на сопствената судбина, без Гоната да се обиде да ја искористи нејзината привремена слабост. Особено тешка се покажала последната деценија од неговото владеење. Прво против него дигнал бунт неговиот внук Александар Кратеров (с. 250 г.), со што Гоната ја загубил контролата над Коринт и, можеби, над Евбоја.[75] До 245 г. Гоната успеал да го врати Коринт и некаде во исто време да ја порази лагидската флота кај Андрос, со што неговата положба барем за момент изгледала цврста. Но, само две години подоцна повторно го загубил Коринт, овој пат од Ахајскиот којнон, предводен од Арат од Сикион.[76] Одговорот на Гоната не бил енергичен и Коринт две децении ќе остане под ахајска контрола. Ова несомнено се должело на староста на кралот, но веројатно и на фактот што, независно колку била значајна и болна загубата на Коринт, таа, во суштина, не ја загрозувала безбедноста на Македонија.[77]

Цената на политиката на Гоната, особено кон Ајтолија, ќе ја плати неговиот син Деметриј II (239–229 г.), кој во текот на целото владеење ќе води војна против Ајтолскиот и Ахајскиот којнон, кои во меѓувреме склучиле сојуз; оваа војна е позната како Војната на Деметриј. Причините, па и хронологијата на почетокот на војната не се сосема јасни, особено дали прво бил склучен сојузот меѓу Епир и Македонија или, пак, меѓу Ахајскиот и Ајтолскиот којнон.[78]

---

[71] Според Полибиј, Антигон Гоната поставил повеќе тирани од кој било друг крал (2.41.10; cf. 9.29.5–6). Но, тоа не била постојана одлика на политиката на Гоната и, не само што дел од тие тирании не може прецизно да се датираат туку веројатно некои од нив воопшто и не биле „спонзорирани“ од Антигон, туку подоцна се приближиле кон македонскиот крал за да ја зацврстат својата власт. Можно е Антигон повеќе да го применувал методот на посредна контрола преку тирани по бунтот на Александар Кратеров. cf. Walbank 1988: 272–4.

[72] *Syll*$^3$ 434–435.

[73] Добар увод за главните проблеми за Хремонидовата војна и поважната литература кај O’Neil 2008: 65–89, иако некои од неговите заклучоци треба да се земат со резерва. e.g. Panovski 2015.

[74] Habicht 2003.

[75] Walbank 1988: 301–3; Picard 1979: 272–4.

[76] *Plut*., Arat., 18–24.1.

[77] Errington 1990: 172–3.

[78] За Војната на Деметриј *v.* Walbank 1988: 321–336; Scholten 2000: 132–63, 268–74.

Во секој случај, Деметриј очигледно целел да ги заштити македонските интереси и одбранбени позиции и, по можност, повторно да го освои Коринт. Иако во првите години војната течела поволно за Деметриј, кој успеал да ја освои Бојотија, а можеби и Мегара,[79] кон крајот на владеењето бил принуден да го сврти вниманието на север, каде што се заканувале Дарданците. Сојузниците го искористиле тоа, па кога Деметриј умрел во 229 г., набргу по тешкиот пораз од Дарданците, одбранбениот систем воспоставен од Гоната целосно се распаднал. Атина се ослободила од македонските гарнизони, македонското влијание на Пелопонес исчезнало, македонската контрола во Тесалија била пред распад, а Тесалците – на раб да преминат под ајтолска контрола.[80]

Колку што бил брз и неочекуван распадот на македонската власт во Хелада, речиси еднакво брза била и обновата на позициите и одбранбениот систем. Веќе до 228 г. Антигон Досон (229–221 г.) успеал да ја врати Тесалија, но Фтиотидска Ахаја останала под ајтолска контрола,[81] што ќе се покаже како сериозен проблем за Филип V. Неколку години подоцна, во еден од најголемите пресврти, токму на покана од Арат од Сикион, Досон ќе се појави на Пелопонес за да се справи со заканата од спартанскиот басилеј Клеомен III, во што и ќе успее по големата победа кај Селасија во 222 г. Наградата за ова било враќањето на Коринт и поставувањето на неколку македонски гарнизони[82] на Пелопонес.[83] Истовремено, Досон го направил последниот обид македонската контрола во Хелада да ја базира на еден поширок сојуз, познат како Хеленска симахија, кој бил создаден во 224 г.[84] Иако во одредена мера успешен, и овој обид долгорочно ќе се покаже несоодветен и, всушност, колку што бил полезен, ќе се покаже исто толку и товар за Македонија.[85]

Набргу откако на престолот дошол Филип V (221–179 г.), се случила уште една коренита промена во состојбата во Хелада, зашто на сцената се појавува Римската Република. Филип ги минал првите неколку години во војна против Ајтолскиот којнон, позната како Сојузничка војна (220–217 г.);[86] иако постигнал повеќе успеси и ја проширил македонската власт на Пелопонес – а, успеал и да ја освои Фтиотидска Теба – на крајот, сепак, не успеал да извојува решавачка

[79] *cf.* Kuzmin 2019: 75.
[80] Scholten 2000: 165–170.
[81] Walbank 1989; Scholten 2000: 170–83.
[82] Меѓу кои Орхомен и Хераја, додека, пак, Мантинеја била преоснована од Арат и наречена Антигонеја.
[83] Le Bohec 1993: 363–78, 405–54.
[84] Le Bohec 1993: 378–402.
[85] За некои инхерентни слабости во структурата на Симахијата v. Walbank 1988: 352–3.
[86] Walbank 1940: 24–67; Scholten 2000: 200–28, 275–94; Сивкина 2007.

победа. Веќе во 216 г. го свртел вниманието кон Илирија, што наскоро ќе го одведе во сојуз со Ханибал,[87] а со тоа и во прв судир со Рим. Како одговор, Рим склучил сојуз со Ајтолија,[88] што практично значело повторување на Сојузничката војна, но сега во понеповолни услови. Следните неколку години Филип ги минал во одбрана на интересите на Македонија и на членките на Симахијата во Хелада, сè до мирот во Фојника (205 г.),[89] со кој завршила првата војна против Рим. Во следните неколку години Филип се свртел кон трако-македонското крајбрежје, а потоа и кон Егејскиот Басен, каде што се судрил со Родос и Пергам; но, во 200 г. Рим му објавил војна, која завршила со тешкиот пораз кај Киноскефала во 197 г., а според мировниот договор, Филип морал во целост да се повлече од Хелада. Вистина е дека неколку години подоцна, во текот на војната меѓу Рим и Антиох III, Филип освоил повеќе места во Тесалија, вклучително и Деметријада, но тоа биле само локални успеси, а нивната контрола целосно зависела од расположението на Рим. Во последниот период од владеењето, Филип се посветил на средување на внатрешните околности во кралството и на ширење кон Тракија, па изгледа дека Хелените, со кои и онака имал претежно лоши односи, немале важна улога во неговата надворешна политика. Иако бил неспорно најагресивен од Антигонидите, амбициите на Филип V не биле насочени кон Хелада. Тој се обидел да ја прошири македонската власт во Илирија, потоа на трако-македонското крајбрежје и во Егејот, и на крајот во Тракија, додека освојувањата во Хелада биле спорадични и попрво дел од војните што во голема мера му биле наметнати.

За разлика од него, неговиот наследник Персеј (179–168 г.) изгледа дека ги напуштил амбициите и плановите кон Тракија и повторно го свртел вниманието кон Хелените, со кои се обидел да воспостави многу подобри односи. Во тоа имал забележителен успех, за што меѓу другото сведочи и враќањето на кралските пратеници во Делфиската Амфиктионија.[90] Но, се чини дека на крајот ова повеќе му наштетило одошто му помогнало, зашто го навлекол сомнежот и гневот на Римјаните, кои и онака барале повод за војна,[91] а, иако дел од Хелените му биле наклонети, никој активно не се вклучил на негова страна, освен дел од Епирците.[92]

---

[87] Polyb., 7.9.
[88] *IG* IX$^2$ 1.241; Liv., 26.24.7–15.
[89] Liv., 29.12.11–16
[90] *Syll.*$^3$ 636.
[91] *cf*. Meloni 1953: 190; Walbank 1977: 92–4.
[92] Derow 1989: 303–19; Burton 2017.

Во споредба со Аргеадите, пристапот на Антигонидите кон Хелените бил динамичен и повремено агресивен, што со оглед на промената во односот на силите и не треба да нè изненади. Сепак, би можело да се каже дека и политиката на Антигонидите, во суштина, била воздржана и одбранбена. Во ниту еден момент не може да се зборува за македонска хегемонија во Хелада: голем дел од средна Хелада бил под ајтолска контрола, а на Пелопонес, сè до времето на Досон, македонското влијание било индиректно. Ова во голема мера се должело на фактот што Антигонидите воопшто и не се обидувале да го прошират своето присуство во Хелада. Се разбира, ова не значи дека тие сосема се воздржувале од такво нешто – и Деметриј II (макар привремено), и Досон, и Филип V ја ширеле македонската власт во Хелада, но попрво станувало збор за опортунизам и извлекување полза од непосредните околности, а не за систематична и доследно спроведувана политика. Во крајна линија, не треба да заборавиме дека од гледна точка на Антигонидите, повеќето војни во Хелада биле одбранбени: Хремонидовата војна ја започнале сојузниците, а тоа можеби важи и за Војната на Деметриј; Сојузничката војна во голема мера ја предизвикале Ајтолците (иако изгледа дека и Арат имал улога во ескалирањето на состојбата) и, секако – војната против Рим и Ајтолија. Борбите за задржување на позициите во Хелада претставувале само извор на неволји и трошење на силите, без да донесат видлива добивка, па во тој контекст може дури и да изгледаат како целосно промашување и непотребен товар: независно од нивната локална моќ, ниту Ахајците ниту Ајтолците не можеле да ја загрозат безбедноста на Македонија.

Проблемот за Антигонидите се состоел во тоа што главната закана не доаѓала од Хелените. Како што покажале и Касандар и Деметриј Полиоркет, па и Антигон Гоната,[93] Хелада претставувала одлична отскочна штица за напад на Македонија, а разединетоста на Хелените ја правела ситуацијата до толку поопасна. Ако Антигонидите целосно се повлечеле од средна и јужна Хелада, не само што тоа би се протолкувало како знак на слабост туку и, порано или подоцна, некоја хеленска држава би можела да повика на помош некоја од големите хеленистички сили. Ваквото сценарио, всушност, и ќе се оствари, кога Римјаните по победите над Филип V и Набид ќе се повлечат од Хелада, а Ајтолците, незадоволни од римската политика, ќе го повикаат Антиох III.[94] Не е тешко да се замисли ситуација во која евентуалното

[93] Иако Антигон Гоната се пробил во Македонија од исток по победата кај Лисимахеја, неговите главни бази биле во Хелада. Впрочем, и при првиот обид да навлезе во Македонија по смртта на Селевк I, тој тргнал од Хелада.
[94] Правилно потенцирано од Briscoe 1978: 148.

повлекување на Антигонидите би довело до селевкидско или, уште поопасно, лагидско присуство во Хелада; впрочем, Лагидите ќе учествуваат не само во Хремонидовата војна туку подоцна финансиски ќе ги подржуваат и Ахајците и Ајтолците. Ако работите се поставаат вака, станува јасно зошто Антигонидите не можеле да си дозволат да ја напуштат Хелада: не станувало збор за борба за хегемонија, туку, попрво, за спречување на други сили да се зацврстат во Хелада и да прераснат во закана за Македонија.[95] Дека ова била исправна политика, сведочат и настаните од II и III Македонска војна. Наспроти некои успешни обиди на Римјаните да се пробијат преку горна Македонија – на крајот, судбината на кралството се решавала во Тесалија и Пиерија, што се должело на целосниот распад на одбранбениот систем во Хелада.

95 Walbank 1981: 91.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Badian, E. 1993. Thucydides and the Archē of Philip. In E. Badian, *From Plataea to Potidaea. Studies in the History and Historiography of the Pentecontaetia*. Baltimore & London: Johns Hopkins University Press, 171–185.

Badian, E. 1994. Agis III: revisions and reflections. In I. Worthington (ed.), *Ventures into Greek History*. Oxford: Clarendon Press, 258–292.

Billows, R. A. 1997. *Antigonos the One-Eyed and the Creation of the Hellenistic State*. Berkeley: University of California Press.

Bissa, E. M. A. 2009. *Governmental intervention in foreign trade in archaic and classical Greece*. Leiden & Boston: Brill.

Borza, E. N. 1990. *In the Shadow of Olympus: The Emergence of Macedon*. Princeton: Princeton University Press.

Bosworth, A. B. 1988. *Conquest and Empire: The reign of Alexander the Great*. Cambridge: Cambridge University press.

Bosworth, B. 2003. Why did Athens lose the Lamian War?. In O. Palagia & S. V. Tracy (eds.), *The Macedonians in Athens 322–229 B.C.* Oxford: Oxbow, 14–22.

Briscoe, J. 1978. The Antigonids and the Greek States, 276–196 B.C. In P. D. A. Garnsey & C. R. Whittaker (eds.), *Imperialism in the Ancient World*. Cambridge: Cambridge University Press, 145–157.

Buckler, J. 1989. *Philip II and the Sacred War*. Leiden: Brill.

Buckler, J. & Beck, H. 2008. *Central Greece and the Politics of Power in the Fourth Century BC*. Cambridge: Cambridge University Press.

Burton, P. J. 2017. *Rome and the Third Macedonian War*. Cambridge: Cambridge University Press.

Carney, E. 2017. Argead Marriage Policy. In S. Müller et al. (eds.), *The History of the Argeads: New Perspectives*. Wiesbaden : Harrassowitz, 139–150.

Chambers, M. 1954. The First Regnal Year of Antigonus Gonatas. *AJPh* 75.4, 385–394.

Delev, P. 2015. Thrace from the Assassination of Kotys I to Koroupedion (360-281 BCE). In J. Valeva, E. Nankov & D. Graninger (edd.), *A Companion to Ancient Thrace*. Malden: Wiley-Blackwell, 48–58.

Derow, P. S. 1989. Rome, the fall of Macedon and the sack of Corinth. In A. E. Astin et al. (eds.), *The Cambridge Ancient History², vol. VIII (Rome and the Mediterranean to 133 B.C.)*. Cambridge: Cambridge University Press, 290–323.

Ellis, J. R. 1976. *Philip II and Macedonian Imperialism*. Princeton: Princeton University Press.

Errington, R. M. 1981/2. Review-Discussion. Four Interpretations of Philip. *AJAH* 6, 69–88.

Errington, R. M. 1990. *A History of Macedonia*. Berkeley: University of California Press.

Graninger, D. 2010. Macedonia and Thessaly. In J. Roisman & I. Worthington (eds.), *Blackwell Companion to Ancient Macedonia*. Chichester: Wiley-Blackwell, 306–325.

Griffith, G. T. 1979. In N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia, vol.2 (550–336 B.C.)*. Oxford: Clarendon Press.

Habicht, C. 2003. Athens after the Chremonidean War: some second thoughts. In O. Palagia & S. V. Tracy (eds.), *The Macedonians in Athens 322–229 B.C.* Oxford: Oxbow, 52–5.

Habicht, C. 2006. Epigraphic Evidence for the History of Thessaly under Macedonian Rule. In C. Habicht, *The Hellenistic Monarchies: selected papers*. Ann Arbor: The University of Michigan Press, 59–73.

Hammond. N. G. L. 1979. In N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia, vol.2 (550–336 B.C.)*. Oxford: Clarendon Press.

Hammond. N. G. L. 1988. In N. G. L. Hammond & F. W. Walbank, *A History of Macedonia, vol.3 (336–167 B.C.)*. Oxford: Clarendon Press.

Helly, B. 1979. Une liste des cités de Perrhébie dans la premiere moitié du IV[e] siecle avant J.-C. In B. Helly (ed.), *La Thessalie. Actes de la Table-Ronde, 21–24 Juillet 1975, Lyon*. Paris: Diffusion de Boccard, 165–200.

Hornblower, S. 2011. *The Greek World[4]*. London & New York: Routledge.

Jehne, M. 1994. *Koine Eirene*. Stuttgart: Steiner.

Kagan, D. 1969. *The Outbreak of the Peloponnesian War*. Ithaca & London: Cornell University Press.

Kuzmin, Y. N. 2019. King Demetrius II of Macedon: In the Shadow of Father and Son. *ŽA* 69, 59–83.

Le Bohec, S. 1993. *Antigone Dôsôn, roi de Macédoine*. Nancy: Presses universitaires de Nancy.

Meloni, P. 1953. *Perseo e la fine monarchie Macedone*. Roma: Bretschneider.

O'Neil, J. L. 2008. A re-examination of the Chremonidean War. In P. McKechnie & P. Guillaume (eds.), *Ptolemy II Philadelphus and His World*, Leiden-Boston: Brill, 65–89.

Panovski, S. 2015. Gallograeci and elephants at Megara. *ŽA* 65, 23–35.

Parker, V. 2003. Sparta, Amyntas, and the Olynthians in 383 B.C. *RhM* 146.2, 113–137.

Perlman, S. 1985. Greek Diplomatic Tradition and the Corinthian League of Philip of Macedon. *Historia* 34.2, 153–174.

Picard, O. 1979. *Chalcis et la Conféderation eubéenne: étude de numismatique et d'histoire, IVe-Ier siècle*. Athénes: École française d'Athénes; Paris: Diffusion de Boccard.

Piccirilli, L. 1973. *Gli arbitrati interstatali greci, vol. I Dalle origini al 338 a.C.* Pisa: Edizioni Marlin.

Sarakinski, V. 2011. Notes on the Disarray in Thessaly. *ŽA* 61, 69–82.

Саракински, В. 2013. *Persomacedonica: Македонија и Персија пред Александар*. Скопје: Филозофски Факултет.

Саракински, В. 2016. Филип, кој (не) сакаше да кралува. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 69, 137–153.

Sarakinski, V. & Panovski, S. 2012. Whither the winds blow: Philip's persian policies, or the lack thereof. *ŽA* 62, 49–87.

Sarakinski, V. & Panovski, S. 2019. How to Etch a Philhellene: Alexander I, Herodotus and historiography as a tool. In V. Dimovska-Janjatova, D. Toševa, (eds.), *Exegi monumentum aere perennius. Papers in Honor of prof. E. Koleva, prof. Lj. Basotova and prof. D. Čadikovska on the Occasion of the 85th Anniversary of Their Birth. Systasis*, Special Edition 5 (2019), 107–124.

Scholten, J. 2000. *The Politics of Plunder: Aitolians and their Koinon in the Early Hellenistic Era 279–217 B.C.* Berkeley: University of California Press.

Сивкина, Н. Ю. 2007. *Последний конфликт в независимой Греции: Союзническая война 220–217 гг. до н.э*. Санкт-Петербург: Издательский Центр «Гуманитарная Академия».

Sordi, M. 1958. *La lega Tessala fino ad Alessandro Magno*. Roma: Istituto Italiano per la Storia Antica.

Sprawski, S. 1999. *Jason of Pherae: a study on history of Thessaly in years 421–370 BC*. Kraków: Jagiellonian Univ. Press. (non vidi).

Tracy, S. V. 2003. Antigonos Gonatas, King of Athens. In O. Palagia & S. V. Tracy (eds.), *The Macedonians in Athens 322–229 B.C*. Oxford: Oxbow, 56–60.

Tronson, A. 1984. Satyrus the Peripatetic and the Marriages of Philip II. *JHS* 104, 116–126.

Walbank, F. W. 1940. *Philip V of Macedon*. Cambridge: Cambridge University Press.

Walbank, F. W. 1977. The Causes of the Third Macedonian War: Recent Views. *AM* 2, 81–94.

Walbank, F. W. 1981. *The Hellenistic World*. Glasgow: Collins.

Walbank, F. W. 1988. In N. G. L. Hammond & F. W. Walbank, *A History of Macedonia, vol.3 (336–167 B.C.)*. Oxford: Clarendon Press.

Walbank, F. W. 1989. Antigonus Doson's Attack on Cytinium. *ZPE* 76, 184–192.

Walsh, J. 2015. Antipater and the Lamian War: A Study in 4th Century Macedonian Counterinsurgency Doctrine. *AHB* 29.1–2, 1–27.

Wehrli, C. 1969. *Antigone et Démétrios*. Genéve, Droz.

Westlake, H. D. 1935. *Thessaly in the Fourth Century B.C.* London: Methuen.

Wirth, G. 1985. *Philipp II. Geschichte Makedoniens 1*. Stuttgart: Kohlhammer.

Worthington, I. 2008. *Philip II of Macedonia*. New Haven/London: Yale University Press.

Zahrnt, M. 2006. Macedonia and Thrace in Thucydides. In A. Rengakos & A. Tsamakis (eds.), *Brill's Companion to Thucydides*. Leiden-Boston: Brill, 589–614.

Zahrnt, M. 2006a. Amyntas III: Fall und Aufstieg eines Makedonenkönigs. *Hermes* 134.2, 127–141.